**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИНФОРМАЦИЈА
# за спроведувањето на одлуките/заклучоците од 7-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

***(Согласно член 52 од Секторскиот договор)***

**Осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**јуни 2021**

**Информација за спроведени одлуки и заклучоци од седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020**

На седмиот состанок кој беше одржан на 26 ноември 2020 година беа усвоени 5 одлуки и донесени 12 заклучоци, односно:

1. **Одлука** за усвојување на дневниот ред;
2. **Одлука** за усвојување на Записникот од претходниот шестти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 12 декември 2019;
3. **Одлука** за усвојување на АПТА-та за 2020 година (верзија 2);
4. **Одлука** за усвојување на АПТА-та за 2021 година;
5. **Одлука** за усвојување на Акцискиот план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година.

По состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД произлезе и потребата од донесување на дополнителни 3 нови одлуки кои потоа беа донесени по пат на пишана процедура и тоа за:

- **Измена на акцискиот план на планирани активности со мерката „Техничка помош" (АПТА) за 2021 година**
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на прва измена на акцискиот план на планирани активности со мерката ,,Техничка помош" (АПТА) за 2021 година од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 08.02.2021 година, започна со реализација на дел од предвидените набавки во АПТА 2021, но поради состојбата со Ковид, потребна беше уште една измена на АПТА 2021

- **Втора измена на акцискиот план на планирани активности со мерката „Техничка помош" (АПТА) за 2021 година**
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на втората измена на акцискиот план на планирани активности со мерката ,,Техничка помош" (АПТА) за 2021 година од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 06.05.2021 година, започна со реализација на дел од предвидените набавки во АПТА 2021 (*детални информации под точка 8.1 од овој состанок)*

- **Трета измена на ИПАРД Програмата 2014-2020**
  ***Преземени активности:*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на предлогот за третата (финансиска) измена на ИПАРД Програмата 2014-2020 од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 14.05.2021 година, истата ја достави до ЕК (ГД за земјоделство) за нејзино усвојување на 21.05.2021 година.

Во однос на заклучоците, на шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД беа усвоени следниве заклучоци:

**Заклучок бр. 1:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (шестти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

**Заклучок бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на новите членови за Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА одржан на 14 октомври 2020.

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на  резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.

**Заклучок бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 6:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на  системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на можната модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 8:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активности во однос на спроведување на АПТА 2020".

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 10:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.

**Заклучок бр. 11:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 12:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за подготовките на ИПАРД Програмата 2021-2027.